ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

RYCO Regional Youth Cooperation Office

**ПОКАНА:**

# Инфо-сесија: Запознавање со работата на Регионалната канцеларија за младинска соработка и можностите за младинско учество 6 декември, Дом на култура „25 мај", Валандово 15 часот

Почитувани,

Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) и локалната канцеларија во Скопје подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со особено задоволство Ве поканувaат на инфо-сесијата преку која ќе се запознаете со работата и тековните проекти на Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) што ќе се одржи на 06 декември во Дом на култура „25 мај", Валандово, почнувајќи од 15:00 часот.

Во рамки на настанот, ќе бидат претставени целите, мисијата, активностите и тековните проекти на организацијата RYCO во кои младите од различни локални заедници можат активно да се вклучат. За време на настанот учесниците ќе имаат можност и лично да го запознаат младинскиот претставник во RYCO, со кого директно можат да разговараат за потребите на младите, за можностите на младите во различните локални заедници, како и да споделат искуства од претходни младински размени и придонесот кон нивниот личен развој и кон заедницата. Исто така, ќе имате можност да се запознаете со работата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и со работата на Агенцијата за млади и спорт.

Ве информираме дека настанот ќе биде организиран според важечките здравствени протоколи и почитувајќи ги мерките за организирање на настани. Доколку имате дополнителни прашања околу настанот, Ве молиме испратете мејл на адресата: tanja.paneva@rycowb.org.

Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) функционира како независен институционален механизам и е насочена кон поддршка на процесот на помирување и соработка помеѓу младите од регионот на Западен Балкан преку програми за младинска размена.

Со нетрпение очекуваме да Ве видиме на претстојните локални инфо-сесии.

Со почит,

Владимир Ѓорѓевски
Шеф на локална канцеларија на RYCO